

Со отворањето на новиот педијатриски стационар во Клиничката болница „Аџибадем Систина“ не само што лекувањето на децата е подигнато на повисоко ниво, туку е заокружен и комплетиран цел еден систем на болничко лекување. Страв од лекар и бел мантил не постои, затоа што амбиентот ни најмалку не наликува на болнички

Пишува: Благородна Абрашева-Ноциќ
Фото: Марко Маркоски

Д-р Душко Фидановски со еден од првите мали посетители на новоотворениот болнички оддел

# Нема невозмож

Детски витраж цртежи на влезната врата, катче за игра, јунаците од цртаните филмови како слики по ѕидовите, соби кои личат на хотелски, специјално дизајнирани и уредени за најмладите, мини библиотека, насмеани сестри облечени во униформи со бубамари и пеперуги... Ова е првата слика што ќе ве сретне откако ќе влезете во новиот педијатриски оддел во Клиничката болница „Аџибадем Систина“, кој почна да работи неодамна по теркот на најреномираните педијатриски центри во светот. Затоа не е ни случајно што една од првите мали пациентки не сакаше да се оттргне од прегратките на д-р Душко Фидановски, раководител на новиот педијатриски стационар.

*Правилниот пристап со детето, особено првиот контакт, е многу важен како за првичното поставување на дијагноза така и за натамошниот третман*

- Со отворањето на овој нов дел се оствари повеќегодишниот сон на сите педијатри специјалисти и супспецијалисти што работат во „Аџибадем Систина“. Професионално е заокружен еден цел систем на функционирање на ваков вид центри, што ќе нуди најсовремена дијагностика и третман базиран на светски практикуваните протоколи за лекување на болести кај децата. Тука се третираат деца од раѓањето до 14-годишна возраст. Одделот располага со 15 еднокреветни соби и апартмани, целосно прилагодени за потребите на најмалите, во кои, се разбира, секогаш може да престојува и еден од родителите - вели д-р Фидановски.

## Без бели мантили

Интересно е што ниту д-р Фидановски, ниту пак останатите негови колеги не носат бели мантили, затоа што првичниот пристап до детето, особено првиот контакт е многу важен за натамошната соработка, поставување на дијагнозата и целиот






*Влезниот пулт на педијатрискиот стационар*

*Собите наменети за деца до 14 години изгледаат како хотелски апартмани опремени со плазма телевизори и адаптирани купатила за деца*







# на мисија

подоцнежен третман. Непостоењето на бели мантили е дел од новиот концепт на работа, објаснува д-р Фидановски, кој вели дека „престојот на децата во болницата треба да биде што помалку стресен.

- Ако станува збор за детенце кое знае да зборува, првиот пристап е разговор, омилени играчки, цртани јунаци, другарчиња од градинка и училиште... Не смее да се предизвика траума ниту при правење на лабораториските анализи и прегледи. Покрај лекарите, и останатиот персонал е специјално обучен за постапување и работа со деца.

Најчесто, што е вообичаено за овој период, како што појаснува нашиот соговорник, пациенти се дечиња со респираторни заболувања, бронхит, грип што беше актуелен зимава, вирусни заболувања на респираторниот систем, но има и стомачни вируси, како и отстранување на слепо црево.

- Тегобите со третиот крајник се меѓу најчестите заболувања и ако навреме не се третира може да предизвика оштетување на слухот и застој во развојот. Претходно се случуваше да не можеме да ги згрижиме сите деца, особено во сезоната на вируси и грип, па затоа се јави и потреба од ваков вид педијатриски центар. Капацитетот

## Максимална медицинска заштита

Покрај новиот оддел, во Клиничката болница „Аџибадем Систина“ работи и дневната болница, поликлиничкиот дел и ургентниот центар, што го прави педијатрискиот оддел успешен спој на врвни педијатри-професионалци, квалитетна и најсофистицирана медицинска опрема и најмодерни сместувачки услови и капацитети.

Поликлиничкиот дел е составен од општи и супспецијалистички амбуланти.

Дневната болница која е исто така целосно реновирана и опремена со најнови апарати за дијагностика, овозможува згрижување на децата кај кои е потребен кус болнички престој. Во овој дел се спроведува инфузиона терапија, апликација на лекови, рехидратација и инхалација.

Потребите наложуваат и функционирање на најсовремен ургентен центар, конципиран по урнек на водечките во светот, што работи 24 часа. Во него работи мултидисциплинарен тим на искусни лекари кои ги третираат сите болести во детската возраст.





*Секоја состојба на пациентите се третира индивидуално со што се обезбедува најдобриот можен третман за секое дете*



Целосно реновирани и амбулантите во поликлиничкиот оддел





Чекалницата како игротека



Соба за интервенции во дневната болница

веќе ни е исполнет и до 70 отсто. Постои и соба за изолација во случај да треба да се оддели пациентот од останатиот дел на стационарот, односно кога се работи за инфективна болест - вели д-р Фидановски.

## Психолог и нутриционист

Покрај ова, педијатрите во „Аџибадем Систина“ третираат и пациенти со невролошки и респираторни заболувања, хернии, кардиолошки компликации, инфекции на уринарниот тракт, но и деца со попречен ментален развој, заболувања од аутистичниот спектар и болести од метаболизмот. Единствено не се хоспитализираат пациенти со малигни заболувања и дијабетес кои се лекуваат во специјализираните центри во земјава.

- Бидејќи одењето во болница претставува стрес за целото семејство, клучно е пациентите да се чувствуваат како дома на сигурно, за полесно да се поднесе каква било медицинска интервенција. Дури и кога станува збор за потешки заболувања, наша практика е децата и родителите да добијат точни информации за постапките и процедурите што ги очекуваат.

Д-р Фидановски нагласува и дека во секое време родителите може да побараат поддршка и совет од психолог, а за исхраната задолжен е нутриционист кој ги прилагодува оброците во зависност од возраста и болеста на детето. ■